Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
Ип 1 бр. 57-44
Датум: 06.06.2022 година

Архивски знак: ________ год.
Рок на чување: ________ 20__ год.
Потпис:

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | [redacted] |
| Адреса за е-пошта | [redacted] |
| Телефон | [redacted] |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | [redacted] |
| Број на трансакциска-сметка на субјектот | [redacted] |
| Банка депонент | [redacted] |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: [redacted] | Телефон<br>[redacted] | Е-пошта<br>[redacted] |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 30.05.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 03.06.2022г., 06.06.2022г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Главна** дејност на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| **Адреса** на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-44 од 09.05.2022 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот [redacted] од Скопје од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 33-2534/3 од 18.03.2022 г., поднесена од Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-[redacted], помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена на член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98. 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **126.000 денари**, од одобрените 180.000 денари согласно со Договорот бр. 33-6192/1 од 11.05.2021 г., за учество во финансирање на проектот - „Brazz music“ избран на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области во меѓународната дејност, како проект од национален интерес за културата за 2021 година, како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | ( | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

-Корисникот доставил Пријава УП1бр. 33-4943 од 12.11.2020г., за проектот "Brass music", избран на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области во интердисциплинарна дејност, како проект од национален интерес за културата за 2021 година, а согласно со Решението УП1 бр. 33-4943/2020 од 23.02.2021г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за 2021 година во меѓународната дејност.

Во Пријавата е наведено дека проектот – "Brass music", опфатува повеќе музички жанрови, аранжирани специјално за ваков вид на камерен состаов. Музиката е концепирана и адаптирана за секаков вид на публика. Целта на проектот е да се афирмира музиката аранжирана за ваков вид на музички состав, промовирана и изведена од уметници од нашата земја.

-Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 33-6192/1 од 11.05.2021 г., за учество во финансирање на проектот „Brass music", избран на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области во меѓународна дејност, како проект од национален интерес за културата за 2021 година, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 180.000 денари.

На ден 19.05.2021 година, доставено е Барање бр. 33-6707/1 од [redacted] каде е побарано да се промени локацијата на концертот, и тоа наместо да се реализира концертот во КИЦ Софија пред мал број на публика поради здравствената ситуација со пандемија и немање доволно простор, побарано е концертот да се одржи во Созопол исто така е наведено дека проектот нема да претрпи никакви финансиски импликации. Врз основа на горенаведеното Барање, и Извештајот бр.33-6707/2 од 02.06.2021г., од комисијата за меѓународна дејност формирана со Решение бр. 53-11797/1 од 24.11.2020г., и Согласноста на МК бр.33-6192/4 од 15.06.2021г., склучен е Анекс на договорот бр. 33-6192/5 од 09.07.2021 г., каде е наведенот дека проектот : „Brass music" во Културно информативниот центар на Република Северна Македонија во Софија, Република Бугарија се менува и гласи: „Brass music" Реализација на концерт во Созопол, Република Бугарија.

-Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 33-6132/1 од 11.05.2021 г., корисникот доставил и Образец за оперативен и финансиски план за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот „Brass music" ќе се реализира во КИЦ Софија од јуни до ноември, во прилог со Изјава за наменско користење на средствата и тоа [redacted] тромбон; [redacted]-труба; [redacted]-труба; [redacted]-тенор хорн; [redacted]-туба; [redacted] ударни иструменти. Исто така во Образецот за оперативен и финансиски план наведено е дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: 1.Патни трошоци во износ од 12.000денари; 2.Дневни трошоци во износ од 36.600денари; 3.Хотелско сместување


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**во износ** од 40.000денари; и Организациски трошоци во износ од 91.400 **денари, вкупно** одобрени средства од Министерство за култура во износ од 180.000 **денари**.

Во прилог се доставени следните документи: Договор од 01.06.2021г., помеѓу [redacted] и [redacted] – изведувач, предмет на договорот **дневни трошоци** во износ од 6.100 денари за концерт во Созопол, Република Македонија; Договор од 01.06.2021г., помеѓу [redacted] и [redacted] – изведувач, предмет на договорот дневни трошоци во износ од 6.100денари за концерт во Созопол, Република Македонија; Договор од 01.06.2021г., помеѓу [redacted] и [redacted] – изведувач, предмет на договорот дневни трошоци во износ од 6.100денари за концерт во Созопол, Република Македонија; Договор од 01.06.2021г., помеѓу [redacted] и [redacted] – изведувач, предмет на договорот дневни трошоци во износ од 6.100 денари за концерт во Созопол, Република Македонија; Договор од 01.06.2021г., помеѓу [redacted] и [redacted] – изведувач, предмет на договорот дневни трошоци во износ од 6.100 денари за концерт во Созопол, Република Македонија; Декларација за музички инструменти од Мицко Дамјановски од 04.06.2021 година.

- Со Решението за преведување на средства бр. 33-6192/3 од 27.05.2021 година, од МК преку Авторската агенција Веда ДООЕЛ на корисникот [redacted] за проектот „Brass music", на 27.05.2021 година му е исплатен прв дел од средствата **во износ од 126.000 денари**.

Трошење на програмските средства и преземените обврски за реализација на проектот, програма 93, се прикажани во следната табела:

| **Ред. Бр.** | **Намена** | **Доверител** | **Исплатени** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Патни трошоци | Рентање на возило Комбе од Нафидов ДООЕЛ Скопје. | 12.000 денари | - Изнајмување на возило комбе за превоз до Созопол од Нафидов ДООЕЛ Скопје, со потврда за извршено плаќање од Нафидов Доoел |
| 2. | Дневни трошоци | Дневници за сите ангажирани лица за концертот | **36.600 денари** | Дневници за сите ангажирани лица за концертот, во прилог уплатници за исплатени дневници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Хотелско сместување | Хотелско сместување во Green Life Beach Resort од 04 - 06.06.2021 година | 40.000 денари | Хотелско сместување во Green Life Beach Resort од 04 -06.06.2021 година, на износ од 230лева односно 7.094 по лице вкупно: 42.566 денари. |
| 4 | Организациски трошоци | ПЦР тест за 3 лица; Пропаганден материјал и др.организациски трошоци | 24.450 денари | -организациски трошоци :<br>-ПЦР тест за 3 лица во износ од 3000 денари,<br>-Пропаганден материјал во износ од 13.500 денари, со потврда за наплатени услуги.<br>-фискална сметка Созопол 133 лева односно 4.078 денари, фискална сметка лукоил 3.000денари, патарини 100 денари и вињетка 463 денари, паркинг 309ден. |
| 5 | Персонален данок | Авторска агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје | 12.897 денари | Персонален данок задржан од страна на авторска агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје; |
| | Вкупно: | | 125.947 денари | |

**При надзорот е констатирано дека проектот е реализиран во рамки на авансно преведните средства од страна на МК, во износ од 126.000 денари.**

- На ден 01.06.2022 година, од страна на корисникот е изјавено дека проектот „Brass music“, е реализиран во амфитеатарот во Созопол, Република Бугарија на 05.06.2021 година во 20.30 часот, во рамките на интернационалниот франкофонски фестивал Soleil, под покровителство на КИЦ на Р.С.Македонија во Софија, Р.Бугарија. На Концертот беа изведени 12 композиции. Во прилог беа доставени фотографии од пропагандниот материјал (етикетирање на црвено вино со дадено лого), папки со лого од концертот во Созопол во рамките на интернационалниот франкофонски фестивал Soleil.
- На ден 06.06.2022 година, од страна на корисникот во прилог беше доставена Потврда од 03.06.2022г., од АНЕЛКА –МИ ДООЕЛ Скопје за извршена

исплата на Фактура бр.200201/018 за пропаганден материјал, етикетирање на црвено видно со дадено лого и папки со лого, на износ од 13.500 денари; како и Потврда од 06.06.2022г., на Лицето му е наплатена услуга од Нафидов Дооел Скопје за превоз за рента на комбе во износ од 250 евра од 04-06.06.2021 година за релација Скопје-Созопол-Скопје, притоа од корисникот изјавено е дека истите се исплатени во кеш. Оттука на корисникот му е укажано во иднина трансакциите да ги врши преку трансакциска сметка.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено и тоа на 08.07.2021 година доставен е Образец за наративен и финансиски Извештај заведен во писарницата на МК под бр. 33-8880/1, со пропратна документација во прилог (банковни изводи, уплатници и договори), заедно со извештајот и тоа ЦД со фотографии и видео и линк од youtube од концертот во Созопол:

Во прилог кон Образецот за наративен и финансиски Извештај се доставени следните документи: Нафидов Дооел скопје за превоз за рента на комбе во износ од 250 евра од 04-06.06.2021 година за релација Скопје-Созопол-Скопје, Фактура бр.200201/018 за пропаганден материјал, етикетирање на црвено видно со дадено лого и папки со лого, на износ од 13.500 денари; ПЦР тест за и во износ од 3.000 денари; Хотелско сместување во Green Life Beach Resort од 04.06-06.06.2021 година на износ од 230 лева по лице, односно 1.380 лева, односно 42.642 денари; Бгтол електронска вињетка на износ од 15лева; Фискална сметка гориво-дизел на износ од 133 лева од 05.06.2021г., Фискална сметка гориво-дизел на износ од 3.000 денари.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице**

**- Проектот „Brass music", на корисникот** од Скопје е реализиран **во амфитеатарот во Созопол,** Република Бугарија на 05.06.2021 година во 20.30 **часот, во рамките на интернационалниот** франкофонски фестивал Soleil, **под покровителство** на КИЦ на Р.С.Македонија во Софија, Р.Бугарија., а авансно


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273 066
www.kultura.gov.mk

преведените средства од Буџетот на РСМ преку Авторската агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје се потрошени наменски согласно со Договорот бр. 33-6192/1 од 11.05.2021 г., а во рамките на преведените средства од страна на МК во износ од 126.000 денари и без ненамирени обврски.

Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Потпис на претставникот на субјектот на надзор:

Печат и потпис на инспекторот за

помошник инспектор за култура

Датум: ___.06.2022 г.

Датум: 06.06.2022 г.

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записиникот, да се наведат причините.